# Краток преглед на проектот (КПП)

**МЕПСО: Далновод Македонија - Албанија, Прва фаза** **[EBRD – Project Summary Document]**

Земја: Македонија
Број на проект: 46274
Деловен сектор: Енергија и енергетика
Вид на известување: Јавно
Еколошка категорија: А
Планиран датум за разгледување пред Бордот: 25 ноември 2015
Статус: Одобрен структурниот преглед, во процес е одобрување на финалниот преглед
Објава на КПП: 23 септември 2015

## Опис на проектот

ЕБОР ја разгледува можноста да одобри долгорочен кредит во износ до 40 милиони евра на МЕПСО, Македонски електропреносен систем оператор, наменет за финансирање нам проектот за изградба на далноводот Македонија - Албанија од македонска страна.

Прокетот вклучува (1.) изградба на инфраструктура за пренос на електрична енергија од Битола до Албанската граница, со подстаница во Охрид и (2.) воведување на компоненти на т.н. интелигентна електрична мрежа во МЕПСО.

## Цели на проектот

Со прокетот за поврзување на Македонија и Албанија од македонската страна, се комплетира воспоставувањето на коридорот Исток - Запад за пренос на електрична енергија помеѓу Бугарија, Македонија, Албанија, Црна Гора и Италија. Проектот за изградба на далекувод помеѓу Бугарија и Македонија (бр.на операција 27768) е завршена. Албанија и Црна Гора се поврзани преку новиот 400кV далекувод, а изградбата на подводните кабли помеѓу Италија и Црна Гора, чија изградба е поддржана во Црна Гора преку проектот за далноводот Ластва - Плевља (бр. на операција 42768).

## Влијание на проектот врз опкружувањето

Проектот претставува клучна компонента во интеграцијата на пазарите на електрична енергија во Европа. Имплементацијата на проектот ќе овозможи електроенергетско поврзување на електропреносните системи од Бугарија до Албанија, а понатаму и до Италија, преку кабелот под море кој е моментално во изградба помеѓу Црна Гора и Италија. Ова значајно проширување на пазарот, ќе ја подобри регионалната енергетска безбедност, енергетска ефикасност и ќе промовира интеграција и конкурентност на пазарот.

Банката заедно со МЕПСО ќе овозможи подобрување на имиџот на компанијата преку подобрување на корпоративното управување, а во исто време ќе помогне на МЕПСО во развојот на сопствени вештини на планирање и менаџмент на проекти. Главна цел ќе биде развојот на експертизам во поставување на регионални енергетски пазари.

## Клиент

МЕПСО АД е македонски електропреносен систем оператор, во 100% државна сопственост, кој од 2005 година е основан како независен системски оператор за пренос на електрична енергија.

## ЕБОР финансирање

40 милиони евра

МЕПСО: Далекуводот Македонија - Албанија е еден од приоритетните проекти на ЕУ, кој се очекува да добие грант за инвестирање во износ од 12 милиони евра, како дел од ИПА2015 програмата за финансирање. Грантот ја вклучува инвестицијата на МЕПСО од 6 милиони евра во вкупниот проект, а 3 милиони евра ќе се користат за финансирање на компонентите за т.н. интелигентна мрежа на електрична енергија.

## Вредност на проектот:

49 милиони евра

## Влијание врз животната средина и општественото опкружување

Проектот е категоризиран како А проект (ЕОП2014). Извршена е оцена на влијанието на проектот врз животната средина и општественото опкружување (Environmental and Social Impact Assessment (ESIA)), вклучувајќи ја изградбата на нов 400 kV далекувод за пренос на електрична енергија (overhead power

transmission line (OHL)) во должина на југо-западниот регион во Македонија, од Битола и поврзување со Албанската граница. На 23 јули 2015 година, МЕПСО и ЕБОР објавија наменски ESIA пакет документи за објавување, вклучувајќи ја и постоечката ESIA, и ново подготвениот дополнителен документ (Не-техничко резиме, Купопродажба на земјиште и план за компеназија како и План за ангажман на сите засегнати страни во проектот).

ESIA пакет документи за објавување  се достапни за овој проект.

Ангажиран е независен консултант од страна на Банката, за извршување на длабинска анализа на влијанитео врз животната средина и општественото опкружување (Environmental and Social Due Diligence (ESDD)) на проектот. ESDD потврди дека проектот е структуиран да биде во согласност со релевантните Барања за реализација (Performance  Requirements (PRs)) на ЕБОР, и дека компанијата има институционален капацитет за ги имплементира барањата за реализација пропишани од Банката. ESDD исто така потврди дека проектот е структуриран да биде во согласност со националната легислатива и релевантните директиви на ЕУ, како и добрата индустриска пракса. Како заклучок, ESIA  и ESDD потврдија дека влијанитео врз животната средина и општественото опкружување ќе бидат локализирани и ограничени, и истите ќе бидат соодветно елиминирани преку имплементација на Планот за управување со влијанието врз животната средина и општественото опкружување (Environmental and Social Management Plan (ESMP)) и Акциониот план за влијанието врз животната средина и општественото опкружување (Environmental and Social Action Plan (ESAP)).

Веќе извесно време проектот е во фаза на развој. Првичното финансирање на ESIA  е подржано од ЕУ во јануари 2013 година, а трибина за јавна консултација била реализирана во април и мај 2014 година. ESIA пакетот документи за објавување е ажуриран за да ги опфати промените во креирањето на проектот и локалната легислатива, како и ЕОП и PRs на Банката од 2014 година. Треба да се назначи дека проектот е моментално во фаза на испитување на можностите за реализација и дека детален градежен проект сеуште не е направен. Од тие причини, предложената траса на далноводот, во моментов е коридорот, кој е планиран да биде широк 500м. Во фазата на детално проектирање, преферираната, точно назначената рута ќе биде селектирана, заедно со точната локација на кулата, земајќи ги во предвид јавните коментари добиени за време на објавувањето на моменталната ESIA. Ажурирано Не-техничко резиме и специфичните мерки за ублажување на влиајнието ќе бидат подготвени откако ќе се заврши финалното дефинирање на рутата. Ова ќе вклучи проактивна консултација со инволвираните страни со цел да се информираат за развојот на деталниот План за купопродажба на земја и Планот за компензација, кои се во согласност со техничките работи превземени за дефинирање на трасата.

Првичната ESIA разгледува три алтернативни локации за развој на новата подстаница во охридскиот регион. ESIA истотака ги разгледува позитивните и негативните аспекти на трите потенцијални локации и идентификува единствена локација како место кое го претпочита (локација - Север Запад од село Ливоишта). Бидејќи дел од преносната мрежа ќе поминува низ областа во Охрид заштитена од УНЕСКО како природно и културно наследство, со проектот ќе се

изработи и Менаџмент план за културното наследство (МПКН). МПКН ќе содржи информации за локациите на културното наследство, вклучувајќи ги и местата мапирани од УНЕСКО, така што деталниот проект, може да ја земе во предвид потребата да ги избегне овие локации, и да се обезбеди соодветно ангажирање на учесниците во проектот, со експерти за наследство, како што е УНЕСКО и Музејот во Градот Охрид.

Банката ќе врши мониторинг на имплементацијата на проектот, вклучувајќи ревизија на финалниот проект, за да обезбеди дека истите се во согласност со договорната СЕОВ и дека соодветните дополнителни јавни консултации се реализирани во согласност со договорениот План за ангажирање на сите засегнати страни (ПАУ).

## Техничка соработка

- WBIF (Инвестициона прогама за Западен Балкан) - во износ од 0.65 милиони евра за финансирање на Физибилити студијата и ESIA за Елбасан (Албанија) - Битола (Македонија), 400 киловатен далекувод, завршено во јануари 2013.
- WBIF (Инвестициона прогама за Западен Балкан) - во износ од 0.9 милиони евра за финансирање на подготовката на основен проект, кој е во тек.

## Контакт од компанијата:

Јордан Ангеловски, Машински инженер

jordan.angelovski@mepso.com.mk

+389 (0)2 3149 046

+389 (0)2 3111 160

www.mepso.com.mk

Максим Горки 4, 1000, Скопје, Македонија

## Можности за учество на тендери

Посетете ја веб страната: http://www.ebrd.com/pages/workingwithus/procurement.shtml
Информации: Тел.: +44 20 7338 6794; Факс: +44 20 7338 7472;
Електронска адреса: procurement@ebrd.com

## Општи информации

Прашања поврзани со проектот на ЕБОР, кои не се поврзани со набавките:
Тел.: +44 20 7338 7168; Факс: +44 20 7338 7380
Електронска адреса: projectenquiries@ebrd.com

## Политика на јавни информации (ПЈИ)

ПЈУ пропишува како ЕБОР ги објавува информациите и се консултира со сите инволвирани страни, за да промовира подобра запознаеност и разбирање на стратегиите, политиките и проектите.
(http://www.ebrd.com/pages/about/what/policies/pip.shtml)

## Механизам за поплаки во врска со Проектот (МПП)

ЕБОР има воспоставено Механизам за поплаки во врска со Проектот (МПП), со цел да даде можност за независна ревизија на поплаките од еден или повеќе поединци или од организациите поврзани со финансирање на проектите од страна на Банката, а за кои се тврди дека биле причина, или е веројатно дека ќе бидат причина, за штета. Правилата на Процедурата со која се регулира МПП може да се најдат на www.ebrd.com/downloads/integrity/pcmrules.pdf, а верзијата на руски јазик може да се добие на http://www.ebrd.com/downloads/integrity/pcmrulesr.pdf.

Било која поплака во рамкиите на МПП мора да се поднесе не подоцна од 12 месеци од последната распределба на средствата на ЕБРД. Може да стапите во контакт со службеник на МПП на pcm@ebrd.com) или релевантната постојана канцеларија на ЕБОР за помош ако не сте сигурни за периодот во кој мора да се поднесе поплака.